ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 04.03.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот

### *Промени на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот*

Од 1-ви март 2011 година стапуваат на сила определени дополнувања на листата на лекови кои се на товар на ФЗОМ. Со цел подобрување на достапноста на лековите до осигурениците. ФЗОМ со подршка од Лекарската комора изврши промена во режимот на пропишување кај 6 лекови по генерика во соодветна дозажна форма и јачина:

- Carvediliol tabl. 6.25 mg, 12.5 mg и 25mg- со промената, матичниот лекар, ќе може да го препишува покрај по препорака од субспецијалист кардиолог и по препорака од специјалист интернист.
- Olanzapine tabl. 5mg и 10mg- нема да има потреба од конзилијарно мислење, односно истиот матичниот лекар ќе може да го препишува по препорака на специјалист невропсихијатар и психијатар.
- Sulfasalazine tabl.500 mg кај кој соодветно на промената на режимот на пропишување, проширени се и индикациите кои ги покрива Фондот. Односно до сега можеше да се препише по препорака на субспецијалист-гастроентерохепатолог, а сега и по препорака на ревматолог.

### *Промени во Одлуката на референтните цени на лекови*

ФЗОМ изврши и ажурирање на Одлуката за утврдување на референтните цени на лекови, истата е дополнета со 12 заштитени имиња. На овој начин се зголемува изборот на заштитени имиња за соодветните генерики за осигурениците. Додавањето на дел од овие заштитени имиња влијаеше на референтните цени, па така е извршена корекција на референтните цени на 7 генерики со соодветна дозажна форма и јачина, согласно Правилникот за начинот и методологијата на утврдување на референтни цени на лекови. **При тоа за истите се обезбедени по едно заштитено име без доплата за осигурниците**. Генериките кај кој е извршена промена на референтната цена се Ciclosporin caps. 25mg, 50mg и 100mg; Mycophenolic acid tabl. 250mg и 500mg; (имунсупресиви) Fluticasone назален спреј 50mcg/doza (интраназален кортикостероид); Cefalexin caps. 250mg(антибиотик)

### *Промени на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот кои ги усвои УО на Фондот*

Дополнително ФЗОМ преку УО изврши корекции на досега воочени технички грешки во Листата на лекови, бидејки истите претставуваа пречка во примена на Листата во пракса. Направени се измени кај околу 30 генерики со соодветна дозажна форма и јачина. Конкретните измени за технички грешки ќе стапат во сила по добивање на согласноста од Министерот за здравство Д-р Бујар Османи, по што би се објавиле во Сл.весник на Р.Македонија и дополнително би ја информирале јавноста.

Бранко Аджигогов
Портпарол